# Елаборат

## (Извидничка одисеја од зори до самрак)

Овој летен камп претставува идеална можност за млади луѓе да стекнат нови знаења, да ги прошират своите хоризонти и да создадат трајни пријателства. Оваа иницијатива е насочена кон развој на личните вештини, тимската работа и креативноста кај младите. Во овој елаборат ќе се запознаете со целите, активностите и можностите на овој летен камп.

**Цели на Летниот Камп**

1. Развој на лични и социјални вештини:
    - Поттикнување на самодовербата и независноста кај учесниците.
    - Унапредување на способностите за комуникација и тимска работа.
2. Едукација преку забавни активности:
    - Организирање работилници за креативно размислување и решавање на проблеми.
    - Едукација за екологија, култура и здрави животни навики.
3. Создавање на позитивни искуства:
    - Поттикнување на интеракција помеѓу учесници од различни одреди и средини.
    - Создавање пријателства и спомени кои траат цел живот.

**Спортски и Рекреативни Активности**

- Организирање натпревари во различни спортови(Кошарка, одбојка и скаутбол).
- Планирани излети и планинарење за промовирање физичка активност и истражување на природата.
    - Прошетка до манастирите над Буљарица и уживање во прекрасната панорама на Буљарица.
    - Прошетка до Петровац кој е мал, живописен туристички град на црногорското приморје, познат по своите прекрасни плажи, кристално чисто море и мирна атмосфера. Се наоѓа помеѓу Будва и Бар и е популарна дестинација за семеен одмор.
      Градот има богата историја, што се гледа по венецијанската тврдина Кастело, изградена во 16 век, која нуди прекрасен поглед на заливот. Петровац има две главни плажи – Градска плажа и Лучице.

**Активности од културен карактер**

- Посета на стариот град во Будва кој е една од најпознатите историски и туристички атракции во Црна Гора. Тој е опкружен со масивни венецијански ѕидини и е исполнет со тесни, калдрмисани улички, камени куќи, плоштади и бројни цркви, како што се Свети Јован, Света Троица и Свети Сава Осветени.
  Стариот град датира од антички времиња, со влијанија од Римјаните, Византијците и Венецијанците. Денес, тој е популарна локација со ресторани, кафулиња, галерии и бутици, а исто така нуди прекрасен поглед кон Јадранското Море. Една од најзначајните тврдини во градот е Цитаделата, која нуди панорамски погледи и историски експонати.
  Будва е позната и по своите плажи, но Стариот град останува нејзиното најшармантно и културно срце.
- Прошетка низ Сутоморе - популарно приморско место во Црна Гора, сместено помеѓу Бар и Петровац. Познато е по својата долга песочна плажа, историски знаменитости како тврдината Хај-Нехај, како и многубројните туристички локали.
- Крстарење до Островот Хавај во Црна Гора . Тоа е мало, живописно островче во близина на Будва, официјално познато како Свети Никола. Тој е најголемиот остров на црногорското приморје и се наоѓа на околу 1 км од Будва. Популарно е наречен „Хавај“ поради своите идилични плажи, тиркизна вода и природна убавина.
- Крстарење до Дробни Пијесак, тоа е прекрасна скриена плажа на црногорското приморје, сместена помеѓу Свети Стефан и Петровац. Позната е по својот златен песок, тиркизно чиста вода и мирна атмосфера, далеку од туристичката гужва.

**Логистика и Организација**

- Локација: Кампот ќе се одржи во извидничкиот камп во Буљарица опколен со убава природа, во близина на море,
- Траење: 10 дена (04-13.07.2025г.),
- Сместување: Учесниците ќе бидат сместени во удобни бунгалови,
- Храна: Обезбедени три оброци дневно,
- Обезбеден превоз,
- Доктор во кампот 24/7.

- Учесниците на кампот ќе бидат поделени во екипи по случаен избор. Низ текот на активностите екипите ќе треба да се стекнат со што поголем број на поени. Екипата која ќе освои најмногу поени ќе добие награда.

**Кој може да учествува**

На овој камп ќе може да учествуваат извидници на возраст од 8 години до 16 години и водачи на возраст 16+.

ВАЖНО: На секои 9 деца потребно е да има 1 водач.

**Начин на пријавување**

- Пријавувањето ќе се врши со excel табела на одредско ниво.
- Краен рок за пријавување на учесници е 10.03.2025г.

**Политики за плаќање**

- Сумата за овој летен камп изнесува 259€ и истата вклучува:
  - Организиран превоз до местото и назад,
  - Доручек, ручек, вечера,
  - Сместување во бунгалови,
  - Сувенири од кампот(маичка, амблем, марама и вугл),
  - Две крстарења,
  - Две подалечни и две поблиски прошетки,
  - Интересни активности,
  - Team building активности,
  - Активности на вода,
  - Две забави,
  - Филмска ноќ,
  - КЗП Активности,
  - Логорски оган,
  - Медицинска помош достапна 24/7,
  - Други изненадувања,
  - Како и прекрасна дружба и многу незаборавни спомени.

ВАЖНО: Во сумата не е вклучено:

- Патничко осигурување,
- Туристичка такса 1€ на ден.

- Плаќањето на сумата ќе се врши на три рати:
  - I рата со износ од 90€ треба да се плати до 15.03.2025г. (и истата не се враќа доколку учесникот се откаже)
  - II рата со износ од 100€ треба да се плати до 26.04.2025г.
  - III рата со износ од 69€ треба да се плати до 05.06.2025г.

- За сите кои ќе се пријават покасно од 10.03.2025г. сумата ќе има износ зголемен за 10% и ќе изнесува 285€.
- За сите кои ќе се пријават покасно од 26.04.2025г. сумата ќе изнесува 315€.
- Плаќањето може да се врши во готово и на трансакциска.
  ВАЖНО: Плаќањето се врши на одредско ниво.

**Контакт**

- Пополнетите excel табели треба да се испратат на следната е-пошта antov.andrej@yahoo.com
- За какви било дополнителни прашања заѕвонете на 078-907-709.